**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ НА МАКПЕТРОЛ АД И ПОДРУЖНИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2023 ГОДИНА**

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од консолидираните финансиски извештаи споредено со последните годишни ревидирани консолидирани финансиски извештаи;**

Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни консолидирани приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на консолидираните приходи и расходи и на остварениот консолидиран финансиски резултат;**

Во табелата подолу се прикажани издвоени консолидирани финансиски информации и показатели, како и нивната промена споредбено со претходниот период:

**Информации од Консолидираниот биланс на успех**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 30.06.2023** | **Претходен период 30.06.2022** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 13.906.616 | 16.393.598 | -2.486.982 | -15,17% |
| Оперативни Приходи | 13.868.859 | 16.301.821 | -2.432.962 | -14,92% |
| Приходи од продажба | 13.823.159 | 16.183.156 | -2.359.997 | -14,58% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,67% | 99,27% | | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 13.636.872 | 15.846.519 | -2.209.647 | -13,94% |
| Оперативни Расходи | 13.585.604 | 15.802.948 | -2.217.344 | -14,03% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 12.049.490 | 14.343.836 | -2.294.346 | -16,00% |
| *- % во оперативни расходи* | 88,69% | 90,77% | | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 47.450 | 28.095 | 19.355 | 68,89% |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***269.744*** | ***547.079*** | ***-277.335*** | ***-50,69%*** |

**Информации од Консолидираниот биланс на состојба**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 30.06.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Постојани средства | 5.741.928 | 5.749.740 | -7.812 | -0,14% |
| Тековни средства | 2.933.304 | 3.514.560 | -581.256 | -16,54% |
| Залихи | 1.217.689 | 1.181.518 | 36.171 | 3,06% |
| Побарувања од купувачи | 438.912 | 567.994 | -129.082 | -22,73% |
| Пари и парични еквиваленти | 191.249 | 409.648 | -218.399 | -53,31% |
| Вкупно средства | 8.675.232 | 9.264.300 | -589.068 | -6,36% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 7.148.916 | 7.369.707 | -220.791 | -3,00% |
| Вкупно обврски | 1.526.316 | 1.894.593 | -368.277 | -19,44% |
| Тековни обврски | 1.524.713 | 1.891.304 | -366.591 | -19,38% |
| Обврски по кредити | - | 305.086 | -305.086 | -100,00% |
| Обврски спрема добавувачи | 496.933 | 541.917 | -44.984 | -8,30% |

### Значајни финансиски показатели

| | Тековен период 30.06.2023 | Претходен период 30.06.2022 | Промена |
|---|---|---|---|
| Бруто маржа (%)[1] | 12,83% | 11,37% | 1,46% |
| Нето маржа (%)[2] | 1,94% | 3,36% | -1,42% |
| ROA[3] | 2,76% | 5,72% | -2,96% |
| ROE[4] | 3,35% | 7,53% | -4,18% |
| ROCE[5] | 3,91% | 7,41% | -3,50% |

Во текот на првата половина од 2023 година, опкружувањето во кое работеше Групата сеуште беше нарушено и тоа во најголем дел поради воениот конфликт помеѓу Русија и Украина, кој има силно влијание на цените на енергенсите на светските берзи. Цените на енергенсите на светските берзи во текот на полугодието делумно се стабилизираа, односно се намалуваа, а се со тенденција на достигнување на предвоените нивоа. Намалувањето на цените на енергенсите, позитивно влијаеше на увезената инфлација, која постепено се намалува, иако не со посакуваниот интензитет. Дополнително, со цел намалување и контрола на домашната инфлација која на крајот на 2022 година беше двоцифрена, Народната Банка на Република Северна Македонија, во текот на првите шест месеци од 2023 година презема монетарни мерки и во повеќе наврати ги зголеми референтните каматни стапки.

Продолжувањето на воениот конфликт, намалувањето на цените на енергенсите, монетарните мерки и високата инфлација, неминовно влијаеа и врз работењето на „Макпетрол“ АД. Но, како резултат на посветеноста и ангажираноста на Раководството, во текот на првата половина од 2023 година Групата обезбеди непрекинато снабдување со нафтени деривати и природен гас, иако се справуваше со локална и светска неизвесност.

И покрај сите предизвици, во текот на првата половина на 2023 година, „Макпетрол“ АД оствари позитивни консолидирани резултати кои ги надминаа планираните, иако приходите и добивката забележаа пад.

Во текот на 2023 година, Групата оствари вкупен приход во износ од 13,91 милијарди денари, кој е помал од минатогодишниот за 2,49 милијарди денари, односно остварен е пад од 15,17%.

На квартално ниво, вкупните приходи во 2023 година како што се прикажани долу се намалуваат, во најголем дел поради намалувањето на цените на нафтените деривати.




| | К1/2021 | К2/2021 | К3/2021 | К4/2021 | К1/2022 | К2/2022 | К3/2022 | К4/2022 | К1/2023 | К2/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 4.003.863 | 4.973.218 | 7.458.544 | 6.233.906 | 7.089.281 | 9.304.317 | 11.653.208 | 9.790.157 | 6.961.859 | 6.944.757 |
| Вк. Расходи | 3.959.894 | 4.803.016 | 6.291.845 | 6.049.089 | 6.893.046 | 8.953.473 | 11.117.395 | 9.415.118 | 6.867.256 | 6.769.616 |
| Добивка пред одан. | 43.969 | 170.202 | 1.166.699 | 184.817 | 196.235 | 350.844 | 535.813 | 375.039 | 94.603 | 175.141 |

[1] Бруто маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност) / Приходи од продажба
[2] Нето маржа = Добивка пред оданочување / Оперативни приходи
[3] ROA = Нето-добивка по оданочување / Вкупно средства
[4] ROE = Нето-добивка по оданочување / Главнина и резерви
[5] ROCE = Оперативна добивка / (Вкупни средства – Тековни обврски)

Во структурата на консолидираните приходи, најголем удел со 99,4% имаат приходите од продажба, од кои 96,3% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 3,1% се остварени преку продажба на странски пазар.




Падот на консолидираните приходи, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на намалените приходи на големо за 40,98%, а истите учествуваат со 16,44% во консолидираните приходи од продажба. Главни причини за намалување на приходите на големо се падот на продажбата на природен гас од 28%, како и падот на продажбата на млазно гориво од 35%.

Во текот на првото полугодие од 2023 година, при неповолни економски услови, Групата како потврден лидер на малопродажниот пазар го зголеми количинскиот промет со нафтени деривати на мало за 4,97%. Во согласност со стратегијата, а со цел задоволување на потребите на потрошувачите кои се секогаш во фокусот, Групата го прошири малопродажниот асортиман кој се нуди на бензинските станици, а прометот со истиот се зголеми за 15,26%.

Но и покрај зголемувањето на количинскиот промет, приходите на мало бележат пад од 6,34% како резултат на намалувањето на цените на нафтените деривати на светските берзи, кои како набавни цени зафаќаат најголем дел од малопродажната цена на дериватите.



Вкупните консолидирани расходи остварени во 2023 година се во висина од 13,64 милијарди денари што претставува намалување во однос на минатата година за 2,21 милијарди денари или за 13,94%.

Падот во најголем дел се должи на намалените консолидирани расходи за набавна вредност на трговски стоки од 16%, поради стабилизацијата на цените на светските берзи како резултат на моменталното надминување на предизвиците од светската енергетска криза, која сеуште не се смета за завршена.

Набавната вредност го следи трендот на консолидираните приходи од продажба, што е неминовно со оглед дека истата во апсолутен износ е дел од консолидираните приходи од продажба, односно зафаќа околу 87% од истите.

Консолидираните расходи за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Групата има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена на одреден дериват не е регулирана, истата зависи од комплетно екстерни глобални фактори и движења, како што се цените на нафтените деривати на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот подолу се прикажани движењата на консолидираните расходи во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.



Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на периодот, Групата оствари позитивни консолидирани финансиски резултати. Кон остварувањето на позитивните консолидирани финансиски резултати во најголем дел придонесе матичното друштво Макпетрол АД, како и останатите друштва кои се дел од Групата, со исклучок на Телевизија Макпетрол Телма која оствари загуба, која ја намалува консолидираната добивка пред оданочување. За детали погледнете ја табелата подолу:

**Добивка пред оданочување на ниво на Друштва кои се дел од Групата**

во 000 денари

| | Тековен период 30.06.2023 | Претходен период 30.06.2022 | Промена | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| Макпетрол АД - Скопје | 338.704 | 584.994 | -246.290 | -42,10% |
| Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ | 32.186 | 14.152 | 18.034 | 127,43% |
| Телевизија Макпетрол Телма ДООЕЛ | -12.119 | -16.419 | 4.300 | 26,19% |
| Petrolmak Solun | 253 | 3.951 | -3.698 | -93,61% |
| Макпетрол ДОО Београд | 45 | -92 | 137 | 148,91% |
| | | | | |
| *Вкупно пред пребивања* | *359.069* | *586.586* | *-227.517* | *-38,79%* |
| меѓусебни пребивања | -49.388 | -18.199 | -31.189 | -171,38% |
| ОИЛКО КДА - метод на главнина | -39.937 | -21.308 | -18.629 | -87,43% |
| ***Консолидирана добивка*** | ***269.744*** | ***547.079*** | ***-277.335*** | ***-50,69%*** |

Како резултат на остварените консолидирани приходи и расходи, на крајот на периодот, Групата оствари позитивни финансиски резултати искажани преку консолидирана добивка пред оданочување во износ од 270 милиони денари која е помала за 51% од остварената добивка за шесте месеци минатата година кога изнесуваше 547 милиони денари.

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивка пред оданочување за 2023 година, како и споредбата на позициите од консолидираниот биланс на успех со истиот период минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат добивката.



Врз база на остварените резултати, можеме да заклучиме дека Групата остварува континуиран успех и се задржува на лидерската позиција децении наназад, а истото е резултат на посветеноста на вработените, кои се најголемата сила и движечка енергија на Макпетрол АД.
Со цел надминување на економската криза и подобрување на животниот стандард на вработените во текот на 2023 година, се покачија платите на вработените, што значајно влијаеше и на остварените резултати.

- **Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

Макпетрол АД, како матично друштво на Групата, во текот на периодот нема исплатено дивиденда. На XXVII-мото Собрание на Акционери на Макпетрол АД Скопје, одржано на 30.05.2023, Друштвото донесе одлука бр. 0201-26/2-3 за исплата на дивиденда за 2022 година, во бруто-износ од 333.775.200 денари или 3.300 денари бруто по акција. Истата ќе се изврши најдоцна до 30.09.2023.

Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните пет години.

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос[6]** | 2,74% | 2,57% | 2,74% | 3,83% | 4,90% |

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

Во текот на 2023 година, Групата реализираше значајни вложувања, со цел унапредување на своето работење и одржување на конкурентноста.
Во вкупните вложувања на Групата, најзначајни се вложувањата на матичното друштво „Макпетрол“ АД Скопје, кое го продолжи **силниот инвестициски циклус** и вложи **преку 153 милиони денари**, како во реконструкција така и во изградба на нови малопродажни и големопродажни објекти.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

Ликвидноста и солвентноста на „Макпетрол“ АД и подружниците во текот на 2023 година останаа генерално стабилни, што може да се забележи и преку незначајните промени во долунаведените показатели, односно нема промени во кредитната изложеност поголеми од 30%, дури заклучно со крајот на првото полугодие на 2023 година Групата нема ниту краткорочни ниту долгорочни задолжувања.

Дополнително Групата, за време на деловното работење во севкупниот извештаен период, не дошла во ситуација да има доспеани, а ненамирени обврски по кој било основ (кредити, обврски спрема добавувачи, јавни давачки и плати на вработени).

**Значајни показатели на ликвидност и солвентност**

| | **Тековен период 30.06.2023** | **Претходен период 31.12.2022** | **Промена** |
|---|---|---|---|
| Тековни средства / Тековни обврски | 192,38% | 185,83% | 6,55% |
| Gearing[7] | -2,75% | -1,44% | -1,31% |
| Вкупни обврски / Вкупни средства | 17,59% | 20,45% | -2,86% |
| Вкупни обврски / Главнина и резерви | 21,35% | 25,71% | -4,36% |
| Главнина и резерви / Вкупни средства | 82,41% | 79,55% | 2,86% |
| Обврски по кредити | - | 305.086 | -100% |

[6] Дивиденден принос = Објавена дивиденда / Последна пазарна цена на крај на периодот
[7] Gearing = Нето долг / (Нето долг + Главнина и резерви)
Нето Долг = Обврски по кредити - Пари и парични еквиваленти

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

Во извештајниот период остварената консолидирана добивка е поголема од планираната за 2023 година, а истото се должи главно на извонредните резултати на „Макпетрол“ АД, како матично друштво на Групата.

Со мерките кои што ги презема Раководството на Групата не се предизвика потреба од отпуштање на вработени, чиј што број дури и се зголеми во време на криза. Во текот на првата половина од 2023 година на матичното друштво „Макпетрол“ АД Скопје му се приклучија 115 нови вработени.

Очекувањата за втората половина од деловната 2023 година се во согласност со Планот за работење на Групата.